ОПШТИНА РАДОВИШ

Бул.Александар Македонски бр.7
2420 Радовиш, Р.Македонија
тел. +389 32 551 304
Web page: www.radovis.gov.mk
E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk
radovis@radovis.gov.mk

бр. 09 - 1541/1
29 / 11 / 2017 год.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 43 од Статутот на општина Радовиш ("Службен гласник на општина Радовиш" бр. 5/02), Градоначалникот на општина Радовиш објавува,

# ЈАВЕН ПОВИК

## за предлагање на проекти и манифестации од областа на културата во општина Радовиш за 2018 година

За остварување на јавните потреби од областа на културата, Градоначалникот на општина Радовиш распишува Јавен повик за пројавување интерес со предлагање на програми, проекти, и манифестации од областа на културата од интерес на општина Радовиш за 2018 година.

Сите активности, програми и манифестации од интерес за општина Радовиш, општината ги утврдува со Програма која ги одразува нејзините јавни потреби.

Програмата, која пред се ќе се реализира во соработка со локалните културни и образовни установи како и со здруженија на граѓани и организации кои се бават со дејноста култура, ќе опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои во непосреден контакт со граѓаните ќе ги задоволат јавните потреби за културата во општина Радовиш.

Општина Радовиш ќе учествува во финансирање на програми, проекти и манифестации од областа на културата од интерес на општина Радовиш согласно законската регулатива а кои се поврзани со :

- унапредување и збогатување на културно-забавниот живот, особено на младите во општина Радовиш и создавање услови за нивно правилно насочување и организирање на нивните слободни активности ;
- поттикнување и подржување на активности за негување на фолклорот, обичаите и вредностите кои се својствени за традицијата на нашето поднебје како и поттикнување на современо творештво со фокус на културните потреби кај младите ;
- организирање на традиционалните културни манифестации со презентирање на културното и нематеријално творештво и афирмирање и одржување на материјалното, духовното и културното наследство ;
- сочувување на културниот идентитет и промовирање и подржување на нови идеи и проекти кои ќе ја афирмираат општина Радовиш како културен центар ;
- проширување и интензивирање на меѓународната културна соработка ;

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава (Апликација).

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во општина Радовиш.

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

-документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на РМ

Јавниот повик се објавува на 29.11.2017 година и ќе трае до 07.12.2017 година, односно 9 дена од денот на објавувањето.

Пријавите треба да се доставаат до општина Радовиш, преку пошта на адреса: ул.Александар Македонски бр.7, Радовиш, или во архивата на општина Радовиш, најдоцна до 15:30 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака за Јавен повик за предлагање на проекти и манифестации од областа на културата за 2018 година.

Напомена: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

**Начин и постапка**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес од областа на културата, во согласност со законската регулатива, општина Радовиш усвојува и реализира Годишна програма за активности од областа на културата во која се наведени сите субјекти и активности кои делумно или целосно, ќе бидат финансирани од Буџетот на општината.

Програмата ја изработува соодветното општинско одделение, откако претходно Комисијата формирана од Градоначалникот на општината ќе направи анализа и ќе ги селектира и рангира сите пристигнати апликации за финансиска поддршка од општинскиот буџет.

Преку реализација на оваа програма, целта е општина Радовиш, во рамки на своите законски надлежности и можностите, да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на културата.

По усвојувањето на Програмата од страна на Советот на општина Радовиш, и утврдувањето на износот во соодветната Буџетска програма во Буџетот на општина Радовиш за 2018 година, сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината аплицираат на Јавен конкурс кој го распишува Градоначалникот по Одлука на Советот и Комисијата за образование, спорт и култура, во првиот квартал од тековната година.

Аплицирањето се однесува за секој апликант кој ќе ќе биде предвиден во годишната програма.

Апликантите ги поднесуваат сите потребни документи и извештаи врз основа на кои Комисијата по претходно мислење од Градоначалникот, до Советот на општина дава Предлог-Одлука за распределба на средствата за спорт од Буџетот на општина Радовиш.

Дополнителни информации на тел.: 075/229-847

Градоначалник на општина Радовиш

Герасим Конзулов